Наде ПРОЕВА

# ПРИЛОГ КОН АНТИЧКАТА ИСТОРИЈА НА МАРИОВО

Мариовскиот крај низ кој со својот среден тек поминува реката Црна (Erigôn) денес во најголем дел административно им припаѓа на Прилепската и Битолската, а со еден мал и на Кавадаречката општина. Делот по долното течение на реката Црна се нарекува Горно и Големо или Прилепско Мариово, а делот од горното течение на реката Долно, Мало или Битолско Мариово. Тоа е затворена географска целина чија јужна граница е Скочивирската клисура преку која комуницира со Линкестида (денешна јужна Пелагонија, односно битолско-леринскиот крај), на североисток се протега до Полошкиот манастир, а на север до Дреновската клисура преку која е поврзана со Тиквешијата односно со предримската област Пајонија. Мариово се наоѓа источно од денешната област Пелагонија[1], од западната страна е затворена со Селечката планина,[2] а од југоисточната со планината Ниџе што во тој дел ја одделувала Пелагонија од областа Еордаја во Долна Македонија. Најверојатно е дека Мариово во антиката ѝ припаѓало на горно македонската област Pelagonia (како што е случајот со Derriopos). Ова се поткрепува со фактот што доцната антика (VI в.н.е.) името Пелагонија повторно почнува да се користи за целата рамнина (леринско-битолско-прилепскиот крај) како што веројатно било првобитно, пред одделувањето на локалните области Lynkestis, Derriopos,[3] а веројатно и Мариово (Dostôneia?). Можно е и дека станува збор за помало подрачје во нејзините рамки чие име не се споменува во наративните извори и

---

1 Единствена македонска област со античко име, задржано спонтано, а не вратено по административен пат, како што е случај со областите што од 1913 г. ѝ припаѓаат на Р. Грција, преименувани со закон во 1926 г.

2 Наодите од сите села од западната страна на Селечката планина со оглед на тоа дека гравитираат кон Мариово, како и оние од селата на северниот раб преку кои Мариово "се отвора" кон Раечката клисура се земени предвид при расправата за одделни прашања.

3 Така на пр. Styberra ја нема во Синекдемосот на Хиерокле втора половина на V в.н.е. што значи дека градот назадувал и го изгубил статусот на град и дека Derriopos е повторно опфатен со името Пелагонија.

единствено може да ни го открие некој епиграфски извор. Досега само на еден терминациски натпис (termini positi) датиран во 120 г.н.е. најден во с. Витолиште[4] се сретнуваат делумно сочувани имиња на двата етникони (inter Geneatas et ...xinos) кои за жал не можат да се дополнат. Разграничувањето е направено од некој си Clau(dia)num Maximum od leg. I Minervae, легија посведочена и на натписот на ветеранот C. Domitius Belicus.[5] Единствен досега познат етникон во Мариово е оној на Досотнеите што се споменува дури два пати: на натписот вѕидан во црквата во с. Пештани[6] се споменува коинон (управна заедница) на Досотнеите (Dostôneôn to koinon), а на вотивниот натпис од с. Дуње, еден Достонеец: Seueros Seueroi Dostôneus кој со мајка си Nike Apolloniou во 232 год. н.е. во с. Дуње им направиле посвета на Диоскурите.[7] Многу е веројатно дека станува збор за античкото име на жителите на Мариово (Dostôneis) и на областа Мариово (Dostôneia).

Според податокот на Т. Ливиј[8] реката Erigôn течела низа Пајониа. Страбон[9] пак вели дека Пајонците се нарекувале и Пелагонци, а Плиниј[10] дека Пелагонците биле пајонско племе. А ако се потсетиме на податокот на Хомер[11] за епонимниот водач Pelagôn/Pelegôn, кој бил син на речниот бог Axios и татко на пајонскиот јунак Астеропај, ке ни стане јасно дека и Плиниј и Страбон се во право и фактички го потврдуваат податокот на Хомер за заедничкиот, пајонско-пелагонски етнички конгломерат кој според М. Гарашанин не е однос на староседелци и дојденци, како што се мислело, туку хомогенизација во одреден момент.[12] Споменувањето на двете племиња кај Хомер покажува дека не станува збор за дојденци и староседелци. Се чини дека честото мешање на имињата Пелагонија и Пајонија[13] како и лоцирањето на градот Pelagonia крај Axios[14] (значи под тој поим е опфатено и Мариово бидејќи се наоѓа источно од Пелагонија сфатена во најтесна смисла на зборот, односно поблиску до Вардар), се стари спомени на овој заеднички пелагонско-пајонски супстрат, што го потврдуваат и материјалните извори[15], но и причина за

4 G. Kazarow, Inscriptons et antiquite de la Macedoine occidentale, BCH, 47, 1923, стр. 275.

5 А. Керамитчиев. МАА 4, 1978, стр. 115

6 G. Kazarow, op. cit., стр. 288; Н. Вулиќ. op. cit. no. 437.

7 F. Papazoglou, Inscriptions de Pelagonie, BCH, XCVIII, 1974, стр. 292, но 7 сл. 9 каде расправа за идентитетот на личностите од двата натписи.

8 T. Liv., XXXIX, 53.

9 Strabo, VII, fr. 38.

10 Plin. IV, 35.

11 Hom, II, F, 141.

12 Разматрања о македонском халстату, Старинар, V - VI, Београд, 1954/6, стр. 39.

13 Ккај Ptol., III, 22, 31, пајонските градови Audaristos i Stobi се во Пелагонија, а Doberos во Пајонија, Id. III, 12, 24.

14 Ps. Skymn., Perieg., 621, 22.

15 А. Јовановиħ, Римске некрополе на тлу Југославије, Београд, 1984, стр. 132/3.

исчезнувањето на името Пајонија во римско време. Од ова произлегува дека најстарите жители на Мариово се познати под името Пелагонци/Пајонци. Затоа некои истражувачи мислат дека градот Пелагонија се наоѓал во Мариово.[16]

Што се однесува до етничкиот состав на населението во овие области (Пелагонија, Линкестида и Мариово) именскиот материјал од натписите ја дава истата слика. Покрај доселените Римјани, пред сè служени војници - ветерани и романизираните староседелци, речиси сите натписи од римскиот период содржат имиња на староседелци што се поврзуваат со бригиската компонента во етногенезата на Македонците[17]. Тоа се имињата Beithys[18], Doules[19], Mesta[20], Mestylos.[21] Порано овие имиња се третирале како тракиски[22], но најновите проучувања покажуваат дека тоа не е точно, иако сеуште има застапници на оваа пан-тракиска теза. Така на пр. името Beithys е посведочено во Styberra[23], во Д. Македонија (Edessa, Thessalonikê, Lete и др.) но најчесто во долината на р. Strymôn[24], та според тоа не може да биде тракиско. Ф. Папазоглу го вбројува во едонско-бригиските имиња[25]. Името Doules ѝ припаѓа на групата имиња Douila, Doulos, Doule итн., посведочено е насекаде во Македонија[26] и во македонската фондација Apameia во Фригија[27] и според Ф. Папазоглу е епихорско[28]. Името Zaika, посведочено во с. Витолиште[29], на една необјавена стела од с. Отиштино, а два пати во околината на Сандански[30], вбројувано во тракискиот ономастикон[31] е очигледно пајонско. Имињата Mesta i Mestylos ѝ припаѓаат на групата имиња од коренот mest - (Mestos, Mestas, Mestylas, Mestrios и др.) посведочени во цела Македонија и бројни

16 За ова прашања в. подолу.

17 Н. Проева, Прилог кон историјата на античките Македонци, Год. зб.Фил.ф. 17/18, 1990/91 стр. 12/13.

18 С. Дуње, Спом. LXXI, no 386.

19 С. Дуње Спом. LXXI, no 386; Пештани, Спом. LXXI, no 439 (Douleous).

20 С. Дуње Спом. LXXI, no 385.

21 Дуње, Спом. LXXI, no 387.

22 D. Detschev, Die thrakischen Sprachreste, Wien, 1957, s.v.; D. Samsaris, La valée du Bas - Strymon à l´époque imperiale, Dodoni, t. 1989, s.v.

23 Спом. XCVIII, nos 388, 389.

24 В. примери кај D, Samsaris, op. cit., стр. 310 кој и понатаму го вбројува во тракискиот ономастикон, како и J. Touratsoglou, Anthrorponymie thrace ne Macedoine occidentale, Pulpudeva, t. 2, 1976, стр. 129.

25 Structures ethniques et sociales dans les regions centrales des Balkans à la lumiere des ètudess onomastiques, Actes du VI eme congres int. d´epigraphie grecque et latines, Paris, 1977, стр. 167; Ead. Chiron, 18, 1988, стр. 252.

26 Спом. LXXI, nos 75, 341, 386, 439; Klio 52, 1970, стр. 310; IG X, 2, s.v. IGB. IV, no 2286, i D. Samsaris, op. cit. str. 315.

27 L. Robert, Noms indigens dans Asie Mineure greco - romaine, Bibl. d'IFA a Istanbul, Paris, 1963, стр. 353.

28. F. Papzoglou, op. cit., стр. 163.

29. Spom. LXXV, no 193.

30 IGB, IV, nos. 2303, 2311.

31 D. Detschev, op. cit., стр. 172.

во источните области (пред сè едонските) на Македонија[32] биле третирани како тракиски[33] или пак келтски[34] сега се толкуваат како епихорски[35]. Името Bassos[36] посведочено во функција на патронимик и заедно со епихорското име Mesta не може да биде тракиско ниту тракиско-римско како што се дефинира[37], туку епихорско. На натписот од Дуње[38] е посведочено и божеското име Semelê. Обичајот да им се даваат божески имиња (nomina sacra) на смртните не е ниту грчки ниту римски, посведочен е само во Македонија и М. Азија но не и кај Илирите и Тракијците[39], што е уште еден доказ против теориите за божемното илирско потекло на Пелагонците и Пајонците како и тракиско за Пајонците.

Овој тип имиња, сите еднокомпозитни а не двокоренски како во Тракија, најчесто се стретнуваат на антропоморфните споменици што се посведочени само на рабовите на планинските венци на Пелагонија, во Мариово и во граничните делови на Пајонија. Нивната форма како и обичајот на давање божески имиња на покојните покажува дека локалните традиции ја наджививеале како хеленизацијата така и романизацијата. Во архајскиот период се посведочени анепиграфски антропоморфни споменици (с. Беранци, Живојно и Градешница)[40], а епиграфските се од римско време.[41] Според тоа станува збор за домашен тип надгробен споменик изработен од локален камен (гнајс, шкрилец) во вид на шематизирана човечка фигура, при што понекогаш се врежани цртите на лицето. Карактеристично е што се секогаш направени за еден покојник. Освен името на покојникот понекогаш се испишани годините на живот но не и името на дедикантот. Треба да се подвлече дека завршната формула heros[42] или heros chaire од овој тип надгробен спомениик, на другите типови споменици, иако ретко, се јавува во овие области[43] и покажува дека станува збор за хероизација на покојникот,

---

32 В. примери кај D. Samsaris, op. cit., стр. 328.

33 D. Detschev, op. cit. s. v.; K. Vlahov, ŽA, XV/1, 1965, str. 39; В. Георгиев, Траките и техни език, София 1977, стр. 54/5, 60.

34 A. Holder, Alt-celtisher Sprachschatz, I, s.v. Mesta.

35. F. Papzoglou, Actes, стр. 161, 167; Ead, God. CBIXII/10, 1974, стр. 63, 69; Ead, ZA XXVII, стр. 146.

36 Спом. LXXI, no, 385 (с. Дуње).

37 J. Touratsoglou, op. cit. стр. 129.

38 Id, op. cit. no 384.

39 F. Papazoglou, Deorum nomina hoominibus imposita, Зб. Филозофског фак. Београд, XIV/1, 1979, стр. 13.

40 И. Микулчич, Старинар 15/16, 1964/5 (1966), стр. 209, сл. 1. Уште една ваква стела, за жал без податоци се чува во Арх. Музеј во Скопје, сп. Н. Вулиќ, Спом. XCVIII, no 456.

41 F. Papzoglou, Živa Antika XXVII, 1977, стр. 135 - 150. Од Мариово се стелите од лок. Испраен камен меѓу с. Крушевица и Орле, 138, 140, сл. 3; Дуње, Спом. LXXI no 387.

42 Н. Вулиќ, Спом. LXXI nos 383, 385, 386, 387 (Дуње); LXXI, no 439 (Пештани).

43 Н. Проева, Три надгробни споменици од Преспанскиот крај, Жива Антика XXXVI, 1986, стр. 67, заб. 36; Спом., LXXI, no 642 (Пештани; LXXI, no 420 (Ореовец); BCH 98, 1974, но 8, сл. 10 (Дуње).

односно за своевиден култ на херојот што е поврзан со верувањата во задгробниот живот[44]. Хероизацијата на покојниците се изразува и со тнр. тракиски коњаник[45], а хероизираните претци со коњаник во фронтонот.[46] Римското влијание во оваа сфера се огледа во тоа што на надгробните стели на ислужените војници хероизираните претци се прикажуваат со биста во фронтонот, според римскиот обичај, наместо со коњаник - според македонскиот обичај. На надгробните споменици од Мариово stricto sensu е застапен само мотивот на фигура[47] двапати комбиниран со хероизиран покојник во вид на тнр. тракиски коњаник[48], а од скулптурата се сочувани само 3 бисти[49] една машка[50] и една женска фигура од типот Голема Херкуланка[51], за жал сите без глава, што не дава можност за проценување на нивните уметнички квалитети и за поточно датирање. За ширење на римското влијание најмногу придонесувала војската. Од римските легии во Мариово се посведочени две: во Витолиште, Legio i Minervae на ципусот на ветеранот C. Domitius Bellicis[52] чиј когномен укажува на германско потекло, односно дека војникот бил регрутиран во Germania Inferior за време на престојот на легијата[53]. Од крајот на I-от и почетокот на II-от в. во Македонија се регрутирани војници за legio I Italica чиј оддел се наоѓал во Витолиште[54] и во која војникувал P. Ailios Dionysios од с. Пештани[55].

На вотивните и надгробните споменици се прикажани Артемида[56], Диоскурите[57], Херакле[58], Хермес[59], хероизираниот покојник - Херос

---

44 Б. Гавела, Антички култ хероса како наслеђе праисторијског друштва. Жива антика. III, 1953, стр. 106/7.

45 Н. Проева, Три надгробни..., Жива Антика XXXVI, 1986, стр. 66; Спом. LXXI, no 399 (Кален); LXXI, no 443 (Пештани).

46 Спом. LXXI no 464 (Г. Радобил).

47 Витолиште, Мелница (BCH, 47, 1923, стр. 279, сл. 3 и стр. 281, сл. 5); Вепрчани, Кален, Пештани (Спом. LXXI, nos 361, 398, 442).

48 Н. Вулиќ, Спом. LXXI, no 339 (Кален) и но 442 (Пештани).

49 Витолиште, Мелница (BCH 47, 1923, стр. 280, сл. 4c и стр. 287, сл. 10) и Дуње (Спом. LXXI, no 388).

50 BCH, 47, 1923, стр. 282, сл. 4б = Спом. LXXI, no 421.

51 Мелница (BCH 47, 1923, стр. 282, сл. 4а и стр. 282, сл. 4b = Spom. LXXI, no 421 - В. Соколовска, Античка скулптура во СР Македонија, Скопје, 1987, но 105, Т. 44, 1, која не ја датира.

52 А. Керамитчиев, МАА 4, 1978 стр. 115.

53 F. Papazoglou, Villes, стр. 290, заб. 65.

54 Kazarow, BCH 47, 1923, стр. 275 - 278.

55 При што добил римско граѓанско право кое неговиот татко го нема (Н. Вулиќ, Спом. LXXI, no 642).

56 Н. Вулиќ, Спом. LXXI, no 350 (Беловодица); Штавица (Спом. XCVIII, no 100); S. Dull, op. cit. но 4 (Крушевица); Спом. XCVIII, no 354 (Кокре - надгробен); В. Соколовска, Античка скулптура, но 46, Т, 58/2.

57 F. Papzoglou, BCH, 98, 1974, но 7 (Дуње); Спом. LXXI, no 367 (Волково).

58 Спом LXXI, no 420 (Мелница). S. Dull, op. cit. no 128 (Пештани); S. Dull, op. cit. no 114 (Волково).

59 Спом. LXXI, no 405 (Крушевица); Спом. LXXI, no 458 (Прилепец).

познат како тракиски коњаник[60], Дионис[61] и Либер и Либера[62], кои се всушност interpretatio romana на локалниот Дионис и неговиот женски пандан. Г. Кацаров погрешно ги идентификувал како С´еус и Хера[63], а Н. Вулиќ, како покојници[64]. Од источните култови е директно посведочен култот на Изида преку теофорното име Eisias на ципусот од с. Витолиште.[65]

Во Мариово lato sensu покрај овие божества се посведочени уште Афродита со Пријап[66] и Мојрите[67], Хигија и Асклепис[68] што всушност претставува interpretatio graeca на домашниот култ на змијата. Инаку култот на змијата засега е најмногу посведочен токму во Пелагонија и Мариово[69]. Тоа убаво се гледа во натписот во карпа кај Плетвар посветен од преторијанецот Tiberius Klaudius Rufus, покрај кој е прикажана змија и јајце/патера.[70] Единствената посвета на Зевс е најдена во Плетвар, со не толку честиот епитет Agoraios[71].

*

* *

Има мислења дека во Мариово се наоѓал градот Pelagonia, кој и по најновите археолошки испитувања не е локализиран[72] и покрај показателите што ни ги даваат, пред сè епиграфските и наративните извори. Единствениот натпис што се однесува на градот Pelagonia најден во Македонија е од Мариовскиот крај[73]: во областа Мариово, на левиот брег на Erigôn недалеку од Стоби во правец на Битола. Зосим (I, 43, чиј извор е Dexippos, учесник во настаните) во врска со нападите на Готите во 268 год. н.е. кои по опсадата на Kassandreia i Thessalonikê, на патот за Ниш, се движеле по долината на Вардар, известува дека ги опустошиле

60 Спом. LXXI, no 397 (Кален); Спом. LXXI, no 435 и Спом. XCVIII, no 360 (Ореовец).

61 Лениште, Spom. XCVIII, no 356.

62 S. Dull, op. cit., no 102, Втора половина на II в.н.е. каде недостасува изданието на Кацаров, а аналогијата од Бугарија која ја дава Вулиќ, погрешно ја става во библиографијата за оваа плоча взидана во црквата во с. Пештани.

63 BCH 47, 1923, стр. 297.

64 Спом. LXXI, no 441.

65 Спом., LXXI, no 193.

66 Прилепец, Спом. XCVIII, no 374.

67 Ореовец, Спом. LXXI, no 434.

68 Ореовец, Спом. XCVIII, no 360.

69 Беловодица, Спом. LXXI, no 347; Варош, Спом. LXXI, no 417; Прилеп, Спом. XCVIII, 1941 - 48, no 372; Ореовец, S. Dull, Op. cit. no 260; Чашка, S. Dull, op. cit, no 257.

70 RA 4, 1861, стр. 479.

71 Спом. LXXI, no 447.

72 За постарите предлози за локација сп. Ф. Папазоглу, Градови, стр. 209/10 и Les villes de Macedoine à l´époque romaine, Paris, 1988, Suppl. du BCH XVI, стр. 287 - 89 со литература од 1970.

73 CIL III 630 = 7325

областите околу Добер и Пелагонија. Ако податокот се однесува на истоимените градови би имале уште еден доказ дека градот Pelagonia треба да се бара во делот на Пелагонија поблиску до Вардар, значи во Мариово. На тоа упатува како податокот кај Хеирокле[74], кој последен го споменува градот и кој му бил извор на Константин VII Порфирогенет, кој пак градот го вбројува во втората македонска провинција, Macedonia Secunda, што ѝ припаѓала на темата Тракија[75]. Инаку полис се споменува само на еден натпис најден во Мариовскиот крај, во с. Кокре[76]. Очигледно е дека натписот бил поставен на територијата на градот така што немало потреба од испишување на името, но затоа пред нас се поставува дилемата дали е во прашање градот Pelagonia или некој друг град. Според Ф. Папазоглу[77] ако градот Pelagonia се лоцира кај Прилепец тогаш с. Кокре не може да припаѓа на истиот град бидејќи меѓу двете села се извишува планински врв од 1500 м. Антички остатоци се забележени и во с. Крушевица[78] каде е најден натпис на римски граѓанин поставен од неговата сопруга која е ослободена робинка. Меѓу двете села на лок. Градиште се наоѓаат значителни урнатини[79]. На еден натпис од с. Пештани е посведочена и функцијата synedros но најверојатно се однесувала на локалниот коинон на Достонеите, а не на македонскиот кој како многу повисок секако би бил споменат по име.[80] Инаку во с. Витолиште[81] како и во соседното село Мелница[82] се регистрирани значајни локалитети од античко време. Во источниот дел на Мариово што денес ѝ припаѓа на Кавадаречката општина (Рожден, Мајдан, Р'жаново) се забележени трагови од рударска дејност од антиката сѐ до денес[83], како и фрагменти од неколку надгробни споменици[84]. Меѓутоа повеќе од очигледно е дека градот мора да се бара во делот на Пелагонија

---

74 Hier., Syn. 641, 5

75 Х. Меловски - Н. Проева, Македонија во делото De thematibus на Константин VII Порфирогенит, Жива Антика XXXVII /1-2, 1987 стр. 33/4, на картите бр. 1 и 2 наместо во Macedonia Secunda градот по грешка е ставен во Macedonia Prima, каде што го лоцираат најголемиот дел на истражувачи бидејќи не водат сметка за податоците на Хиерокле и Константин VII Порфирогенит.

76 Н. Вулиќ, Спом. XCVIII, no 354.

77 F. Papzoglou, Les villes..., стр. 288.

78 Н. Вулиќ. Спом. LXXI, no 404.

79 N. Vulić, Arh. Karte, Prilep - Bitolj, str. 25 i 35.

80 Ead. op. cit. 297, додека во Villes, стр. 289 прашањето го остава отворено

81 G. Kazarow, op. cit. str. 275; N. Vulic. Arch. Karte, str. 47 sqq; TIR, K - 34, str. 132, s.v.

82 G. Kazarow, op. cit. стр. 281, 284 sqq, nos 7 - 9; N. Vulić, Arch. Karte, str. 31 sqq; Id., Спом. LXXI, no 420 - 421, TIR, K - 34, s.v. Со рекогносцирањето спроведено од Музејот на Прилеп се откриени и нови локалитети сп. Лилјана Кепеска, К. Кепески. Б. Китаноски, Мариово, рекогносцирање, Арх. преглед, 25, 1983/4. Београд 1986, стр. 115 - 123.

83 А. Карамитчиев. За старото рударство во Мариово, МАА 2, 1976, стр. 237 - 249; Ид., МАА 4, 1978, стр. 113 - 126.

84 Необјавени, откриени при рекогносцирањето на овој крај во рамките на проектот Епиграфски извори за античката историја на Македонија.

многу понасевер од областа Линкестида. Во Раечката клисура, во горниот тек на р. Раец на просторот на селата Беловодица, Никодин, Топлица и Тројаци што се наоѓаат источно од теснецот Плетвар, на северниот раб на Мариово се најдени речиси сите досега откриени војнички натписи. Лоцирањето на градот е значајно и затоа што податокот за теснецот низ кој навлегувале Дарданците во Пелагонија[85] може да се сфати и како теснец кај градот Pelagonia[86], а не само како теснец во областа и во тој случај тоа би бил Плетварскиот премин а не оној кај с. Дебреште[87]. Проблемот може да се реши само со археолошки ископувања, а дотогаш прашањето останува отворено.

## ДОДАТОК

### СПИСОК НА НАТПИСИ НАЈДЕНИ ВО МАРИОВО - stricto sensu

1. Витолиште, BCH 47, 1923, стр. 275-8, сл. 1
2. Витолиште, Спом. LXXV, но 193 = BCH 47, 1923, стр. 282, сл. 6
3. Витолиште, МАА 4, 1978, стр. 115
4. Вепрчани, Спом. LXXI, по 358
5. Вепрчани, Спом. LXXI, по 359
6. Дуње, Спом. LXXI, по 383
7. Дуње, Спом. LXXI, по 384
8. Дуње, Спом. LXXI, по 385
9. Дуње, Спом. LXXI, по 386
10. Дуње, Спом. LXXI, по 387
11. Дуње, BCH 98, 1974, по 7, сл. 9 (S. Dull, но 202)
12. Дуње, BCH 98, 1974, но 8, сл. 10
13. Кокре, Спом. CXVIII, по 354 (S. Dull, но 39)
14. Крушевица, Спом. LXXI, по 404
15. Мелница, BCH, 47, 1923, стр. 284, сл. 7 на стр. 283
16. Мелница, BCH, 47, 1923, стр. 284/5, сл. 8
17. Мелница, BCH, 47, 1923, стр. 285/6, сл. 9
18. Пештани, Спом. LXXI, по 437
19. Пештани, Спом. LXXI, по 438
20. Пештани, Спом. LXXI, по 439
21. Пештани, BCH 47, 1923, стр. 289, сл. 13 (Спом. LXXI, по 440)
22. Пештани, Спом. LXXI, по 642
23. Дуње, BCH 98, 1974, стр. 292, но 7 = Диоскури
24. Живово, необјавен
25. Витолиште (?) необјавен

85 T. Liv., XXXI, 28.6.

86 F. Papazoglou, Les villes 281/2, каде се споменати сите мислења околу идентификацијата на пелагонските клисури.

87 За разните предлози на локации за овие премини в. F. Papazoglu, Srednjebalkanska plemena, стр. 147, која во својот најнов труд, Les villes, стр. 281/2 прашањето го остава отворено.

СПИСОК на АНЕПИГРАФСКИ споменици од МАРИОВО - stricto sensu
СКУЛПТУРА

1. Витолиште, ВСН 47, стр. 280, сл. 4с
2. Дуње, Спом. LXXI, no 388
3. Мелница, ВСН, 47, 1923, стр. 282, сл. 4а = Спом. LXXI, no 421 = В. Соколовска, Античка скулптура, но 105, Т. 44/1
4. Мелница, ВСН, 47, 1923, стр. 282, сл. 4б = Спом. LXXI, no 421 - В. Соколовска, Античка скулптура, но 62, Т. 31/1
5. Мелница, ВСН 47 1923, стр. 287, сл. 10 = 85, Т. 39/1

НАДГРОБНИ

1. Витолиште, ВСН 47, 1923, стр. 279, сл. 3;
2. Вепрчани, Спом. LXXI, no 360
3. Вепрчани, Спом. LXXI, no 361
4. Кален, Спом. LXXI, no 398;
5. Кален, Спом. LXXI, no 399 = XCVIII, no 40
6. Мелница, ВСН, 47, 1923, стр. 281, сл. 5;
7. Пештани, Спом. LXXI, no 442 (ВСН, 47, 288);
8. Пештани ВСН, 47, 1923, 289 (Спом. LXXI, no 443; XCVIII, no 39)

ВОТИВНИ

1. Кален, Спом. LXXI, no 397 (XCVIII, no 4) = Херос
2. Крушевица Спом. LXXI, no 405 (S. Dull, no 144) = Хермес
3 - 5. Крушевица, S. Dull, no 121, сл. 38 а,б; Мелница, Спом. LXXI, no 420 (S. Dull, no 123); Пештани, S. Dull, no 128, сл. 42 = Херакле
6 - 7. Крушевица, S. Dull, no 41; Дуње, В. Соколовска, Античка скулптура, но 146, I. 58/2 = Артемида
8. Пештани, Спом. LXXI, no 441 (ВСН, 47, 1923, 287; S. Dull, no 102) = Либер

Nade PROEVA

## UNE CONTRIBUTION À L'HISTOIRE ANCIENNE DE LA RÉGION DE MARIOVO

(Résumé)

Mariovo est une région liée à Lyncestide au sud (Bitola-Lerin = Florina), au nord et au nord-est à la région de Tikveš (cest-à-dire a la Péonie préromaine). Du cote sud-est se trouve la montagne Nidd'e qui sépare les régions de Mariovo et de Pélagonie de la Basse Macédoine (cest-à-dire de la région Eordée) et du côté ouest cette région est entourée par la montagne Selečka. On estime que Mariovo ainsi que la région Derriopos a'I'époque

ancienne faisaient partie de la Pélagonie. Ceci d'autant plus qu'à partir du VI s. de n. e. on utilise le nom de Pélagonie pour toute la plaine (Prilep-Bitola- Lerin=Florina) comme c'était a l'époque avant la division en plusieurs contrées (Lyncestis, Derriopos et probablemment Mariovo). II est aussi possible qu'il s'agisse d'une région à part dont le nom ne nous est pas parvenu. La seule tribu de Mariovo, connue a nos jours e st attestée deux fois: Dostoneus sur l'inscription votive de Dunje[7] et sut linscription de Peštani[6] comme le nom d'une communaute (Dostoneon to koinon). Il est très probable qu'il s'agit du nom ancienne de la region de Mariovo (Dostoneia) et de ses habitants (Dostoenies).

Sur le s inscription de la région è part des Romains immigrés, avant tout des vétérans (deux légions romaines sont attestées: Legio I Minarvae[4,5] et Legio I Italica[54,55], dont une detechement se trouvait au village de Vitolište) et des autochtones romanisés, asez souvent sont attestés les noms des autochtones qui se rattachent au composant brigiens dans l'éthnogénèse des anciens Macédoniens[17]. Ces noms, on les repère sur les stèles anthropomorphes trouvées su les pentes des montagnes au bord de la plaine pélagonienne et dans les contrées limitrophes avec Péonie. Les steles anépigraphiques[40] de la Pélagonie sont de la période archaique, et les stèles épigraphiques de l'époque romaine[41] ce qui est une preuve qu'il s'agit d'un type monument funeraire autochtone. Leur forme ainsi que la coutume de donner les noms divins aux défunts montrent que les autochtones ont resiste tant à l'hellenisation qu'à la romanisation.

Sur les monuments funéraires et votifs sont attestées les divinités Artemis, Dioskuroi, Herakles, Hermes, le défunt héroisé (Heros) connu comme cavalier thrace, Dionysos, et Liber et Libera comme interpretatio romana de Dionysos local et de son pedant féminin.

Le seule motif iconographique sur les monuments funéraires c'est la figure, deux fois en combinaison avec le défunt héroise en forme de cavalier.

Trois sculptures du type de Grande Herculant ont perdu leur létes, ce qui ne permet pas d'estimer leur valeur artistique.

D'après certains savant's c'est a Mariovo qu'il faut chercher la ville Pélagonia, mais malgre le grand nombre de localités, la question ne peut être résolue sans fouilles archéologiques.